
Пленарна седница на CCBE во Лион

# CCBE*Info*

## Број 52
*Мај 2016 година*

Уреднички коментар: Транспарентност и професионална тајност – Препораки на CCBE во врска со заштитата на доверливиот однос со клиентите – Прирачник за слободно движење на адвокатите – Средба помеѓу Интерпол и CCBE – Конференција за е-правда на холандското Претседателство – 125-та Пленарна седница на CCBE во Лион на 20 мај 2016 година – Годишен извештај за имплементацијата на Повелбата за основните права – Проект на месецот: Венецуела – CCBE во Стразбур со Федерацијата на европски адвокатски комори (FBE) – Група за поддршка за затворените турски адвокати – Транспарентност и взаемна оценка на регулираните професии

## УРЕДНИЧКИ КОМЕНТАР: ТРАНСПАРЕНТНОСТ И ПРОФЕСИОНАЛНА ТАЈНОСТ

Во денешно време, секој би посакал транспарентноста да претставува доблест, а професионалната тајност да служи за прикривање на сите видови несогласувања и штетни дејствија. Транспарентноста е задолжителна и на социјалните мрежи, што е во директен судир со личната приватност. Транспарентност наметнуваат и државите, кои сакаат да знаат сѐ за нашите приватни и јавни животи. Постојат обиди таквата транспарентност да се наметне и врз државата и нејзините институции и органи, со цел, да се врши контрола врз сите видови одлуки и однесувања. Транспарентноста го укина правото на приватност.

Оваа желба за транспарентност е таква, што повеќе никој не е изненаден доколку биде ограбена некоја адвокатска канцеларија и потоа јавно бидат објавени сите лични податоци и информации за нејзините клиенти. Никој не е навреден доколку се прислушуваат разговорите на адвокатите и се изготвуваат и објавуваат преписи на нивните разговори со странките. Никој не реагира кога редовно се вршат претреси на адвокатски канцеларии и се објавуваат информации за нивното деловно работење.

Во секој случај, професионалната тајност е дел од ‘соодветното функционирање на правосудниот систем’ и задоволувањето на потребата на едно лице да му се довери на некој друг, односно на сопствениот адвокат, без страв дека ќе биде предаден или обвинет. Ова се нарекува владеење на правото. Правдата и владеењето на правото се двата основни темели на секое демократско општество. Постоеја и други времиња, во кои транспарентноста значеше јавна осуда, притворање или нешто уште полошо. Тоа се знаците на автократската држава.

Целта на професионалната тајна не е да се скријат некои незаконски активности. Доколку адвокатот ѝ помогне или ја советува странката во врска со било кое незаконско дејствие, за кое знае дека е спротивно на законот, адвокатот треба кривично да одговара и против него или неа да биде поведена дисциплинска постапка. Адвокатите постапуваат во интерес на своите странки, во согласност со законот и останатите важечки правила во соодветната земја. Токму затоа, нашите странки имаат право да ги уживаат бенефициите на таквата заштитена професионална тајност, што е право и на целокупното општество.

**Мишел Беничоу**
**Претседател**

## ПРЕПОРАКИ НА CCBE ВО ВРСКА СО ЗАШТИТАТА НА ДОВЕРЛИВИОТ ОДНОС СО КЛИЕНТИТЕ

**На 20 мај 2016** година, на одржаната пленарна седница во Лион, CCBE ги објави своите препораки за заштитата на доверливиот однос со клиентите, во контекст на дејствијата на следење и набљудување. Целта на овие препораки, не е само да се заштитат и гарантираат основните начела на професионална тајност и адвокатските професионални привилегии, туку уште поважно, да се заштитат правата на граѓаните и владеењето на правото. Целта на овие препораки, е да се информира законодавецот и креаторите на политиките за стандардите што мораат да се почитуваат, со цел, професионалната тајна и адвокатските професионални привилегии да се заштитат од активностите на следење и набљудување организирани од страна на власта и државата.

## ПРИРАЧНИК ЗА СЛОБОДНО ДВИЖЕЊЕ НА АДВОКАТИТЕ

CCBE со задоволство објавува дека на пленарната седница одржана во Лион беше усвоен новиот Прирачник за адвокатските комори и здруженија, за слободното движење на адвокатите во рамки на Европската унија.

**Овој Прирачник ќе биде објавен во втората половина од 2016 година**.

## СРЕДБА ПОМЕЃУ ИНТЕРПОЛ И CCBE

**На 19 мај**, делегацијата на CCBE, предводена од Претседателот Мишел Беничоу ги посети канцелариите на Интерпол во Лион и се сретна со одреден број вработени во Генералниот секретаријат на Интерпол, вклучувајќи го и Директорот на правниот оддел и Раководителот задолжен за заштита на службените податоци. Тоа беше една конструктивна средба со интересна дискусија за препораките на CCBE во врска со следењето и набљудувањето, како и за неодамнешните напори на Интерпол за подобрување на внатрешните правила за обработка на податоците.



Состанок помеѓу CCBE и Интерпол во Лион

## КОНФЕРЕНЦИЈА ЗА Е-ПРАВДА НА ХОЛАНДСКОТО ПРЕТСЕДАТЕЛСТВО

**На 19 и 20 мај** во Амстердам се одржа Конференција за е-правда на холандското Претседателство, каде акцентот беше посебно ставен врз таканаречениот е-Кодекс проект. На конференцијата присуствуваа Министрите за правда од Холандија и Германија, заедно со Комесарот Вера Јурова и други бројни претставници на адвокатската професија. Како претставник на CCBE, Претседателот Мишел Беничоу зеде учество во сесијата под наслов "Важните чинители на екранот". Во текот на оваа однапред снимена видео сесија, неколку претставници на адвокатската професија се обидуваа да ја дефинираат е-правдата и да зборуваат за нејзиното влијание врз адвокатската професија. Како што беше посочено и во самото видео, е-правдата не подразбира само технологија. Тука станува збор за граѓаните, за пристапот до правда, трошоците и брзината на постапките, како и за хармонизацијата и соработката во рамки на адвокатската професија.

**Видеото можете да го погледнете на следниов линк.**

## 125-ТА ПЛЕНАРНА СЕДНИЦА НА CCBE ВО ЛИОН НА 20 МАЈ 2016 ГОДИНА

На **125-тата пленарна седница** на CCBE, топлото добредојде го упатија домаќините, односно Адвокатската комора на Лион, Здружението на адвокатски комори од Ронско-Алпскиот регион во Франција (COBRA) и Градоначалникот на 7-та област на Лион, г-ѓа Миријам Пико, која одржа говор за добредојде на CCBE во текот на свечената вечера, организирана од страна на лионската адвокатска комора во Галско-Римскиот музеј. Следниот ден, по воведниот говор на г-дин Лоренс Џуно-Фанже, Претседател на Адвокатската комора на Лион, на учесниците се обратија г-дата Арно Матје – Претседател и Фабрис Поста – Потпретседател на COBRA и ја презентираа својата организација, поканувајќи ги членовите на CCBE на една типична вечера во вообичаениот стил на Лион. Потоа, на новиот Претседател на Федерацијата на европски адвокатски комори (FBE), Иве Ошчински, му беше дадена можност да одржи говор и тој накратко ги запозна учесниците со FBE и новите можности за заедничко дејствување со CCBE.



Лоренс Џуно – Фанже, Претседател на Адвокатската комора на Лион

## ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈАТА НА ПОВЕЛБАТА ЗА ОСНОВНИТЕ ПРАВА

**На 19 мај**, Европската комисија го усвои својот Годишен извештај за 2015 година во врска со имплементацијата на Повелбата за основните права на Европската унија.

Овој извештај ќе обезбеди подобра имплементација на Повелбата, преку следење на остварениот напредок во унапредувањето на основните права во областите во кои ЕУ има овластување да делува. Имајќи го тоа предвид, во 2015 година, европските институции ја зедоа предвид Повелбата, при разгледувањето на неколку важни законски предлози, како на пример, реформскиот пакет за заштита на податоците, директивите за презумпцијата на невиност и правото на изведување докази пред судот или пак оние за специјалните заштитни мерки за децата во кривичните постапки и за правата на жртвите. Исто така, извештајот содржи и примери за начинот на кој била применувана Повелбата при спроведувањето на европските закони.

## ПРОЕКТ НА МЕСЕЦОТ: ВЕНЕЦУЕЛА

Европската адвокатска фондација (ELF) покажуваше загриженост за ситуацијата во Венецуела уште од средината на 2015 година. Од тоа време, кога ја реализиравме нашата прва работна мисија и посета на земјата (со цел да добиеме сознанија од лице место во врска со состојбите), ситуацијата значително се има влошено. Како резултат на прогонувањето со кое адвокатите се соочуваат во Венецуела, како и сè поммалото почитување на владеењето на правото, ELF одлучи да организира една мисија на европски адвокати во Венецуела во текот на месец септември 2015 година. Тогаш имавме можност да бидеме сведоци на тешкотиите со кои се соочуваат тамошните адвокати, кои беа малтретирани едноставно поради тоа што си ја вршат својата адвокатска работа.

Моменталната ситуација не би можела да биде покритична. Претседателот Мадуро, во спротивност со Уставот, има прогласено вонредна состојба, без притоа воопшто да се консултира со Парламентот. Тој дури се заканувал и со употреба на насилство. ELF и понатаму останува посветен и решен да им помогне на нашите колеги во Венецуела. Луѓето од ELF се во постојан контакт со националната адвокатска организација во Венецуела. Претставници од ELF се сретнаа со одредени членови на Европскиот парламент и ги информираа за активностите на ELF во врска со состојбите во Венецуела. Очекуваме дека Европскиот парламент ќе биде постојано информиран за ситуацијата и дека во разгледувањето на ова прашање ќе се вклучат и други релевантни фактори од ЕУ, со надеж дека ќе успееме да го подигнеме нивото на владеењето на правото во Венецуела.

## ССВЕ ВО СТРАЗБУР СО ФЕДЕРАЦИЈАТА НА ЕВРОПСКИ АДВОКАТСКИ КОМОРИ (FBE)

FBE го одржа својот генерален конгрес во Стразбур, **од 12 до 14 мај**, каде на учесниците им посака добредојде градоначалникот на Стразбур, г-динот Роланд Рие. Настанот се одржа во Големата сала на Европскиот суд за човекови права, а темата беше ‘Адвокатот во дијалог со Европскиот суд за човекови права’. Претседателот на судот, г-дин Гвидо Раимонди, ја потенцираше важноста на таквиот дијалог. Следниот ден, во рамки на форумот на Претседателите на адвокатските комори, Претседателот Беничоу, инаку поранешен Претседател на FBE го претстави проектот за Европските адвокати на Лезбос, кој беше поддржан од поголем број адвокатски комори.



Генерален конгрес на FBE во Стразбур

## ГРУПА ЗА ПОДДРШКА ЗА ЗАТВОРЕНИТЕ ТУРСКИ АДВОКАТИ

**Рамазан Демир и Ајсе Ачиникли**, членови на Адвокатската комора од Истанбул, беа **лишени од слобода на 16 март**, заедно со уште седум други адвокати (г-дин Ирфан Арасан, г-дин Хусеин Боџатекин, г-дин Шефик Челик, г-дин Адем Чалишчи. г-дин Тамер Доџан, г-дин Мистафа Рузгар и г-ѓа Ајсе Гостеришлиоглу), само еден ден пред одржувањето на едно судското рочиште, каде сите заедно, на 17 март 2016 година, требале да се појават пред судот како застапници на еден ист клиент. Другите седум адвокати во меѓувреме се пуштени на слобода, меѓутоа, Ајсе Ачиникли и Рамазан Демир и понатаму се во притвор. Тие немаат пристап до обвинението и другите предметни списи, па така, не се во состојба ниту да ги оспорат обвинувањата. За време на нивното испитување, им биле поставувани прашања во врска со интервјуата што ги имале дадено за медиумите, жалбите што ги имаат поднесено до Европскиот суд за човекови права и состаноците што ги одржувале со своите клиенти.

Француските адвокати започнаа една иницијатива, со која бараат европските адвокати да ја покажат својата поддршка за турските колеги, така што ќе им испраќаат поштенски картички и разгледници. За истите воопшто да им бидат испорачани на адвокатите во затворот, тие мораат да бидат напишани на турски јазик. Од таа причина, за сите адвокати што сакаат да им испратат картичка, европските колеги имаат подготвено неколку стандардни фрази на турски јазик.

**Повеќе информации за оваа иницијатива ќе пронајдете на следнава интернет адреса.**

## ТРАНСПАРЕНТНОСТ И ВЗАЕМНА ОЦЕНКА НА РЕГУЛИРАНИТЕ ПРОФЕСИИ

Европската комисија одлучи да спроведе взаемна вежба на оценка и проценка на транспарентноста на статусот на регулираните професии. Дел од обврските согласно ревидираната Директива 2005/36/ЕС за професионални квалификации вклучуваат и поднесување извештаи (или национални акциони планови) пред 18 јануари 2016 година, во кои би се презентирале резултатите од оценката на пристапот до регулираните професии и идентификувале потенцијалните потреби за реформи. Видео материјалот од конференцијата под наслов ‘Реформирана регулација на професиите: резултати од взаемната оценка и план за иднина’, која се одржа на 18 мај во Брисел, можете да го погледнете на следнава адреса.

Учесниците на конференцијата имале можност да дискутираат за плановите и да влезат во интеракција со експертите во врска со економските последици што можат да се очекуваат како резултат на реформите на регулираните струки. Говорот на Комесарот Елзбиета Биенковска е исто така достапен на интернет. По завршувањето на оваа конференција беше најавен почетокот на јавниот консултативен процес насловен како “Регулација на професиите: пропорционалност и национални акциони планови”. Од 27 мај 2016 година, овие консултации можат да се следат и преку следнава интернет адреса.

**Сите заинтересирани лица што би сакале да се вклучат во консултациите, тоа треба да го сторат најкасно до 19 август 2016 година.**

## СЛЕДНИ НАСТАНИ

**1-3/06** *67-ма Годишна конференција на DAV, Берлин*

**1-3/06** *Европска мрежа на судски совети – генерално собрание, Варшава*

**17-18/06** *115-та прослава на Денот на адвокатурата во Швајцарија, Брунен*

**23/06** *Состанок на постојаната Комисија на ССВЕ, Брисел*